Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-3-2015

## Р е з и м е


- БДП во К-3-2015 во однос на истиот квартал претходната година забележа реален раст од 3,5%, со што растот на БДП во првите три квартали од 2015 година изнесува 3,4%;
- Бројот на вработени во К-3-2015 е повисок за 3% во однос на истиот квартал претходната година. Бројот на невработени се намали за 9%, што резултираше со намалување на стапката на невработеност во К-3-2015 на 25,5%;
- Стапката на инфлација во К-3-2015, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,2% во однос на истиот квартал 2014 година;
- Просечната бруто плата во К-3-2015 изнесува 32.205 денари и бележи раст од 3,3% на номинална основа, односно раст од 3,5% на реална основа, споредено со бруто платата во К-3-2014;
- Вкупните буџетски приходи во К-3-2015 се повисоки за 9,2%, а вкупните буџетски расходи за 12,8% споредено со истиот квартал 2014 година;
- Вкупниот депозитен потенцијал на банките во К-3-2015 се зголеми за 0,6% на квартална основа;
- Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-3-2015 бележи раст од 1,2% на квартално ниво;
- Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во септември 2015 година се зголеми за 3,9% во однос на јуни 2015 година. Вкупниот промет остварен на берзата во К-3-2015 регистираше пад од 41,7% споредено со претходниот квартал;
- Во К-3-2015 е забележан раст на извозот од 1,6% и пад на увозот од 1,0% на годишна основа, со што вкупната надворешно-трговска размена изразена во евра забележа раст од 0,1%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-3-2015 во однос на истиот квартал 2014 година забележа реален раст од 3,5%, со што реалниот раст на БДП во првите три квартали од 2015 година изнесува 3,4%. Номиналниот раст на БДП во К-3-2015 изнесува 9,9% на годишна основа, а БДП дефлаторот 6,2%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-3-2015 економскиот раст произлегува главно од градежништвото, каде што е забележан висок раст на активноста од 29,4%. Растот на услужниот сектор во К-3-2015 изнесува 3,4%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност има секторот Трговија, транспорт и угостителство, каде што е забележан раст од 7%, следен од секторите: Стручни, научни, технички и административни дејности (15,9%), Финансиски и дејности на осигурување (11,7%), Дејности во врска со недвижен имот (1,9%) и Информации и комуникации (3,4%), додека пад забележаа секторите Јавна управа и одбрана, образование и здравство (3,1%) и Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (13,6%). Индустриското производство во К-3-2015 забележа раст од 1,1%, во услови на раст на преработувачката индустрија од 1,5%, додека земјоделското производство забележа пад од 4,6%.

Растот на **индустријата** во К-3-2015, согласно месечните податоци за индустриското производство, изнесува 6,2% и се должи на остварените позитивни движења кај: производство на машини и уреди (31,5%), вадење други руди и камен (22,1%), производство на текстил (19,9%), производство на фабрикувани метални производи (19,8%), производство на хемикалии и хемиски производи (15,6%), производство на мебел (11,9%), производство на други неметални минерални производи (10,7%), производство на прехранбени производи (9,1%), производство на пијалаци (7,9%), вадење јаглен и лигнит (6,8%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (5,7%), производство на облека (5,6%), производство на метали (3,2%), производство на основни фармацевтски производи (2,5%), производство на хартија и производи од хартија (2,4%), вадење руди на метал (1,1%) и производство на моторни возила (0,3%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 17 гранки, кои сочинуваат 81,7% од индустриското производство.

Пад е остварен кај[1]: производство на кожа (38,2%), поправка и инсталирање машини и опрема (16,7%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (7,0%), производство на производи од гума и пластични маси (6,0%), производство на електрична опрема (5,7%), производство на тутунски производи (3,9%), производство на останата опрема за транспорт (2,0%), печатење и продукција на снимени медиуми (1,9%) и останата производствена индустрија (20,8%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-3-2015 растот е придвижен од финалната потрошувачка, која забележа раст од 6,3% на реална основа. Растот на потрошувачката е резултат на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка забележа реален раст од 4,3%, кој се должи на растот на вработеноста, на платите, како и на поголемиот раст на кредитирањето на населението, а растот на јавната потрошувачка на реална основа изнесува 15,4%. Позитивен придонес врз растот на БДП во К-3-2015 имаа и извозот и инвестициите. Извозот на стоки и услуги забележа раст на реална основа од 3,1%, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка. Увозот на стоки и услуги забележа понизок раст од извозот, кој изнесува 1,6% на реална основа, со што нето извозот има позитивен придонес врз економскиот раст. Бруто инвестициите забележаа раст од 2,8%, како последица на инвестициите во градежни работи.

Позитивните движења на **пазарот на трудот** продолжија и во К-3-2015. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 3% во однос на истиот квартал претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 9%. Бројот на активно население забележа пад од 0,4%. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-3-2015 да се намали на 25,5%, односно за 2,4 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 1,3 п.п.. Стапката на вработеност во К-3-2015 изнесува 42,4% и во однос на истиот квартал претходната година е повисока за 1,1 п.п.. Активното население

Графикон 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност;
Извор: ДЗС




[1] Во гранката Производство на кокс и рафинирани нафтени производи не е реализирано производство, односно индексот изнесува нула.

претставува 56,9% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,4 п.п. во споредба со истиот квартал претходната година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2015 забележа пад од 0,2% во однос на истиот квартал 2014 година, по растот од 0,3% забележан во претходниот квартал. Падот на потрошувачките цени во К-3-2015 е резултат на намалените цени во категориите Транспорт и Комуникации од 9,5% и 4,0%, соодветно. Цените во категоријата Образование останаа непроменети. Највисок раст на цените во К-3-2015 е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,3%, следен од категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 3,1%, Рекреација и култура од 2,3%, Ресторани и хотели и Здравје од по 2,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Облека и обувки од по 0,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-3-2015 споредено со истиот квартал 2014 година забележаа намалување од 1,1%, по падот од 0,7% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во овој период се должи на намалените цени на стоките од 2,1%, додека цените на услугите се зголемија за 0,5% на годишна основа. Во рамки на категоријата Стоки, пад на цените има кај индустриските производи, од 2,6%, додека цените на земјоделските производи забележаа раст од 2%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 4,9%, а кај останатите групи производи е

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС



забележано зголемување на цените. Така, малопродажната цена на тутунот е повисока за 7,2%, на пијалаците за 0,9%, а на прехранбените индустриски производи за 0,6%.

Просечната **нето плата** во К-3-2015 изнесува 21.922 денари и е за 3,0% повисока на номинална основа споредено со нето платата во К-3-2014. На реална основа, нето платата регистрира зголемување од 3,2%. Просечната **бруто плата** изнесува 32.205 денари и бележи раст од 3,3% на номинална основа, односно раст од 3,5% на реална основа, споредено со бруто платата во К-3-2014.

**Продуктивноста на трудот** во К-3-2015 е зголемена за 0,5%, како резултат на повисокиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата, со што продолжува трендот на позитивен раст на продуктивноста.

## 3. Фискален сектор

Во третиот квартал од 2015 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 9,2% во однос на истиот квартал од 2014 година, придружено со зголемување на буџетските расходи за 12,8%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-3-2015 да изнесува 4.353 милиони денари или 3,0% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 3.852 милиони денари, односно 2,6% од кварталниот БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 26,8% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 9,2% споредено со истиот квартал 2014 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи за 7,6%, повисокото остварување на неданочните приходи за 30,0% и повисоките придонеси од 9,7%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај акцизите, персоналниот данок, данокот на добивка, данокот на додадена вредност и царинските давачки, додека кај приходите од други даноци беше реализирана пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 48,8% од вкупните даночни приходи и во К-3-2015 се повисоки за 1,0% споредено со истиот квартал 2014 година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата.

Приходите од акцизи се повисоки за 7,0% споредено со истиот квартал 2014 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 0,2%, додека приходите од данокот на добивка се повисоки за 2,2 пати (115,0%) во однос на истиот квартал претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси, по месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 0,4 п.п. (3,3% од кварталниот БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано помало остварување на учеството во БДП за 0,7 п.п., односно учество од 11,8% од БДП за третиот квартал.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-3-2015; Извор: МФ




Индиректните даноци во третиот квартал од 2015 година забележуваат зголемување од 3,6%, а директните даноци зголемување од 27,1% во однос на К-3-2014.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 9,7%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 9,8%, кај придонесите за здравствено осигурување од 9,5% и кај придонесите за вработување од 9,1%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,3% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани за 30,0% повеќе во однос на истиот квартал 2014 година.

Капиталните приходи во К-3-2015 на годишна основа беа пониски за 4,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-3-2014, приходите по основ на донации се пониски за 20,6%.

Во К-3-2015 вкупните буџетски расходи, со учество од 29,7% во кварталниот БДП, забележаа раст од 12,8% споредено со истиот квартал 2014 година. Тековните расходи, кои претставуваа 27,2% од кварталниот БДП, забележаа учество од 91,4% во вкупните расходи и беа реализирани за 12,2% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 31,1% повеќе, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 9,3% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 61,7% во вкупните расходи, беа реализирани за 6,2% повеќе во споредба со истиот квартал претходната година. Социјалните трансфери забележаа раст од 8,4% и учествуваа со 47,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 1,9% и учествуваат со 28,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,3%, односно забележаа

намалување од 2,5% споредено со истиот квартал 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 10,2%.

Расходите за каматни плаќања, споредено со К-3-2014, беа зголемени за 101,0%, при што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 5,0%, додека каматните расходи за странскиот долг се зголемени за 187,7%.

Капиталните расходи кои претставуваа 2,6% од кварталниот БДП, се повисоки за 19,1% споредено со истиот квартал 2014 година и остварија учество од 8,6% во вкупните расходи.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2015 изнесуваше 36,0% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-2-2015. Учеството на надворешниот долг во вкупниот долг, во однос на К-2-2015, беше зголемено за 0,5 п.п. и изнесуваше 60,9% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше намалено на 39,1% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




## 4. Монетарно-финансиски движења

Во третиот квартал 2015 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во септември 2015 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[2] во К-3-2015 регистрираа раст на квартална основа од 4,5% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 1,2%), во услови на раст на вкупната ликвидност на банките од 7,0% и раст на готовите пари во оптек од 2,0%. Во однос на К-3-2014 година, примарните пари се зголемија за 7,4% (наспроти растот од 5,8% во К-2-2015), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 11,7% и на вкупната ликвидност на банките од 3,6%.

[2] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Во текот на третиот квартал 2015 година најтесната парична маса М1 забележа зголемување од 1,6% во однос на К-2-2015. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 0,5%, додека најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 0,8%.

Вкупниот депозитен потенцијал[3] на банките во К-3-2015 се зголеми за 0,6% на квартална основа, во споредба со претходниот квартал кога депозитниот потенцијал се зголеми за 0,8%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,9%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити и девизните депозити се зголемија за 0,9% и 0,3%, соодветно. Степенот на евроизација е намален за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно на 41,0%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2015, споредено со претходниот квартал, се зголеми и достигна 27,6% (во К-2-2015 изнесуваше 27,3%), како резултат на зголемувањето на долгорочните депозити од 1,6% во однос на претходниот квартал. Краткорочните депозити во анализираниот период забележаа пад од 0,4%.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-3-2015 бележи раст од 1,2% (наспроти растот од 2,7% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 3,3% и намалување на кредитите кон приватните претпријатија од 0,2% споредено со претходниот квартал. Од валутен аспект, во К-3-2015 денарските кредити се зголемија за 2,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,6% на квартално ниво. Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2015 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,9%, додека краткорочните кредити регистрираа пад од 1,7%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Во К-3-2015 каматната стапка[4] на денарските кредити изнесува 7,0% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2015, исто така, регистрираше намалување од 0,1 п.п. и изнесува

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[4] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки, кои произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

5,8%. Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2015 изнесува 2,7% и е намалена за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните депозити регистрираше намалување од 0,1 п.п. и изнесува 1,2%.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки во К-3-2015; Извор: НБРМ




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2015 изнесува 6,5%, а каматната стапка на новоодобрените девизни кредити 5,3%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,8% и 1,3% соодветно.

На **пазарот на капитал** во К-3-2015 се забележа пад на вкупниот промет на берзата, односно тој се намали за 41,7% во однос на претходниот квартал, што се должи на намалениот промет од класичното тргување за 44,4%. Додека, пак, прометот од блок трансакциите се зголеми за 11,3% на квартално ниво. Во јули 2015 година беше регистрирана јавна понуда на берзански аукции во вредност од околу 2,5 милиони денари.

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Во однос на истиот квартал претходната година, вкупниот промет забележа пад од 39,2%, во услови на намалување на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 33,6% и 62,4%, соодветно.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на третиот квартал изнесуваше 1.704,46 индексни поени, што претставува раст од 3,9% во однос на јуни 2015 година, додека во однос на септември 2014 година индексот е понизок за 0,5%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена




Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-3-2015 вкупната надворешно трговска размена со странство изнесува 2.386,5 милиони евра и бележи раст од 0,1% во однос на истиот квартал 2014 година.

Во К-3-2015 **извозот** на стоки изнесува 998,8 милиони евра и во однос на истиот квартал претходната година забележан е раст од 1,6%, а во однос на претходниот квартал пад од 3,5%.

Анализирано по **сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-3-2015 во однос на истиот квартал 2014 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 21,4% (во рамки на кои се зголемија категориите: индустриски машини и делови за 50,9% или 43,8 милиони евра и друмски возила за 12,9% или 2,5 милиони евра);
- хемиски производи за 13,4% (хемиски материи и производи за 16,1% или 26,0 милиони евра).

Од друга страна, пак, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- разни готови производи за 12,5% (облека за 15,4% или 19,8 милиони евра и обувки за 24,6% или 4,7 милиони евра);
- производи класирани по материјалот за 9,4% (железо и челик за 12,4% или 17,6 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 43,2% (нафта и производи од нафта за 43,5% или 7,6 милиони евра и електрична енергија за 60,4% или 1,0 милион евра);
- суровини освен гориво за 12,9% (метална руда и отпадоци од метал за 13,0% или 5,0 милиони евра);
- производи за храна за 0,5% (овошје и зеленчук за 4,2% или 2,2 милиона евра);

- пијалаци и тутун за 5,6% (пијалаци за 14,9% или 1,9 милиони евра и тутун и производи од тутун за 2,2% или 0,8 милиони евра).

Во К-3-2015, гледано по **економска намена,** најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (46,9%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (17,1%), производи за инвестиции без транспортна опрема (16,5%), храна и пијалаци (10,0%), транспортна опрема (8,4%) и горива и мазива (1,1%).

**Увозот на стоки** во К-3-2015 изнесува 1.387,7 милиони евра и е намален за 1,0% во однос на К-3-2014, а во однос на претходниот квартал е забележан пад од 6,3%.

Анализирано по **сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-3-2015 во однос на К-3-2014 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 0,7% (при што зголемување има кај категоријата изработки од неметални минерали за 51,7% или 24,6 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 8,4% (електрични машини, апарати и делови за 14,0% или 10,8 милиони евра; индустриски машини и делови за 19,7% или 7,3 милиони евра и друмски возила за 8,6% или 5,2 милиона евра);
- хемиски производи за 3,0% (хемиски материи и производи за 29,8% или 6,9 милиони евра);
- производи за храна за 6,9% (месо и преработки од месо за 9,1% или 2,8 милиони евра и жита и преработки од жита за 15,5% или 2,8 милиони евра);
- разни готови производи за 7,5% (обувки за 15,0% или 1,2 милиона евра и монтажни згради, санитарни уреди за 26,4% или 1,2 милиона евра);
- пијалаци и тутун за 14,3% (пијалаци за 15,8% или 1,3 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- минерални горива и мазива за 25,8% (нафта и производи од нафта за 25,8% или 39,5 милиони евра);
- суровини освен гориво за 15,0% (метална руда и отпадоци од метал за 28,1% или 11,0 милиони евра).

Гледано по **економска намена** во К-3-2015 најголемо учество во увозот имаат стоки за индустриски набавки (48,5%), потоа следуваат производи за инвестиции без транспортна опрема (12,6%), горива и мазива (11,0%), храна и пијалаци (10,8%), стоки за широка потрошувачка (10,6%) и транспортна опрема (6,3%).

Во К-3-2015, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) е намалена за 42,5% во однос на К-3-2014, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се намалило за 0,9 п.п. во однос на третиот квартал 2014 година и изнесува 67,2%. Притоа извозот на стоки учествува со 76,0%, а увозот на стоки со 60,7%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2015
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС







Како резултат на структурните промени во размената со странство, во третиот квартал 2015 година 89,7% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Јужна Африка, Грција, Велика Британија и Србија, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Турција, Италија, Кина, Романија, Австрија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Шпанија.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во третиот квартал 2015 година на **текoвната сметка** на платниот биланс е регистриран суфицит од 114,3 милиони евра, што претставува 4,8% од БДП[5] и споредено со истиот квартал 2014 година бележи намалување за 1,1 п.п..

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2015 е намален за 10,3%, што се должи на намалениот суфицит на сметката на услуги за 17,8%, намалениот суфицит на сметката на секундарен доход за 1,2%, зголемениот дефицит на сметката на примарен доход за 22,0%, додека пак во спротивна насока влијаеше намалениот дефицит на трговската сметка за 6,5%.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Во К-3-2015, во услови на поголемо апсолутно зголемување на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво забележува стеснување за 29,6

[5] Во пресметката е користен БДП за третиот квартал од 2015 година, објавен од Државен завод за статистика.

милиони евра и изнесува 17,7% од кварталниот БДП.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2015 е намален за 27,7 милиони евра на годишна основа, во услови на поголемо апсолутно зголемување на увозот од извозот на услуги.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во третиот квартал од 2015 година, во однос на третиот квартал од претходната година е намалена за 6,9 п.п. и изнесува 108,1% од кварталниот БДП.

Сметката на **примарен доход** во К-3-2015 забележа дефицит од 53,1 милион евра и на годишно ниво забележа продлабочување за 9,6 милион евра.

Графикон 5.4. Тековна сметка; Извор: НБРМ




Салдото на сметката на **секундарен доход** во К-3-2015 изнесува 462,8 милиони евра и бележи пад од 5,5 милиони евра на годишно ниво. Падот се должи на намалувањето на доходот од секторот Држава за 12,4 милиони евра, кој во сметката на секундарен доход учествува со 0,3%, додека доходот од секторот Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата[6] е зголемен за 6,9 милиони евра, а учествува со 99,7% во сметката на секундарен доход.

Салдото на **капиталната сметка** во К-3-2015 е негативно и изнесува 0,1 милион евра и во однос на истиот квартал претходната година е намалено за 1,8 милиони евра, што во најголем дел се должи на намалениот одлив на капитални трансфери.

**Нето-кредитирањето** на земјата во К-3-2015 изнесува 114,3 милиони евра и на годишно ниво е намалено за 9,0%.

**Директните инвестиции** во земјата во К-3-2015 изнесуваат 10,4 милиони евра и на годишно ниво се намалени за 72,1% или за 26,9 милиони евра, како резултат на нето-средствата од должнички инструменти, кои за разлика од истиот квартал претходната година, во К-3-2015 бележат негативна вредност од 35,2 милиона евра. Во спротивна насока делуваа зголемените приливи по основ на сопственички

[6] Во сметката на Секундарен доход спаѓаат доходите од секторите 1. Држава и 2. Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.

капитал за 4,5 пати или 43,6 милиони евра и намалените одливи по основ на реинвестирана добивка за 75,3% или 31,9 милиони евра.

**Портфолио инвестициите** во К-3-2015 изнесуваат 9,9 милиони евра, наспроти негативната вредност од 496,2 милиона евра во истиот квартал претходната година.

**Останатите инвестиции** во К-3-2015 изнесуваат 140,4 милиони евра и во однос на К-3-2014 година се зголемени за 18,0%. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 88,1 милион евра, заемите бележат негативно салдо од 41,4 милиони евра, а салдото на сметката трговски кредити и аванси изнесува 93,8 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот од третиот квартал 2015 година изнесуваат 2187,4 милиони евра, што претставува пад од 10,2% во однос на истиот квартал претходната година.